#INNO4EDU

**Наслов на активноста**

Пролетно дете

**Возраст**

Развоен период (од  3 до 10 години)

| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
|---|---|
| Домашни услови | Истрајност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 20  минути |

**Цели**

Целта е детето да се поттикне на истрајност во процесите на учење и откривање и де се развива способност за користење на своите непосредни искуства во процесите на учење.

**Очекувани резултати**

**Насоки**

**<u>Претходна подготовка за активност</u>**

Подготовка на материјали за игра. Се замаат хулахопки и се сече долниот дел од стапалото, околу 20-25 сантиметри. На средниот дел се шијат очи, нос  и уста со игла и конец, односно се ставаат копчиња.

**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**

На детето му се објаснува дека е потребно да се направи пролетно дете, односно да се наполни дел од хулахопките (претходно исечени, со сошиени очи, нос и уста), со земја (во која се става семе од пченица) коешто е потребно секојдневно да се полева со вода. Тоа треба да се постави на место во домот со дневна светлина за да израсне од него трева (како коса на дете) кое ќе се одржува и негува.

**<u>Активност/игра</u>**

Заедно со детето, со помош на лажиц,а се полни исечениот дел од хулахопките, односно најдолу се става малку земја, па се ставаат семиња од пченица и останатиот дел се дополнува со земја. На крајот се врзува во чвор. Потоа се превртува наопаку (чворот е надолу) и на горниот дел со помош на ножици се прават мали отвори. Наполнетите хулахопки се поставуваат врз саксија или тегла. Кога е веќе поставена, почнува да заликува на човече со очи, нос и насмевка (кои претходно се сошиени). Со детето се разговара за процесот на ‘ртење и никнување на тревата (растење на косата) и постапките: полевање со вода и поткастрување на тревата кога е тоа потребно, во текот на следниот период.

| **Прилози** | **Материјали** |
| --- | --- |
| Користете ја главната илустрација како пример.  | Хулахопки; лажица; земја; семе од пченица; чинија; чаша; вода; копчиња; игла и конец; саксија или тегла; ножици |

**Активноста е подготвена од едукаторите:**

Креирано од: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска